Бр. 02-803/5
27 02 2020
ВЕЛИЧИШТА

Пречистен текст од

# СТАТУТ

На Јавно претпријатие за комунална дејност Дебрца

Врз основа на член 19 став 2 точка 1 од Законот за јавни претпријатија (Сл весник на РМ бр 38/1996, 9/1997, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2010, 6/2012 и 119/2013 ), Управниот одбор на ЈП за комунална дејност Дебрца на седницата одржана на ден 24.07.2020 година, донесе:

Пречистен текст на СТАТУТ на ЈП за комунална дејност Дебрца

## I.Основни одредби

Член 1.

Со овој Статут поблиску се уредуваат: организацијата, уредувањето и раководењето со претпријатието, дејноста, општите акти и постапката за нивно донесување, информирањето, планирањето, заштитата и унапредувањето на животната средина, како и други прашања од значење за комуналното претпријатие.

Член 2.

Јавното комунално претпријатие Дебрца – Белчишта (во понатамошниот текст: Јавно претпријатие) се основа заради вршење на стопанска дејност од комунална област од јавен интерес, а која е незамелив услов за животот и работата на граѓаните на територијата на општина Дебрца.

## II. Основање

Член 3.

Јавното претпријатие со овој акт го основа Советот на општина Белчишта.

## III. Дејност, фирма, седиште, печат и штемил на претпријатието

### Дејност

Член 4

Јавното претпријатие во рамките на својот делокруг на работење ги врши следните дејности:

**1. Приоритетна дејност**

1.1. 36.00 Собирање, обработка и снабдување со вода

**2. Останати дејности**

2.1. 37.00 Отстранување на отпадни води;

2.2. 38.11 Собирање на отпад;
2.3. 38.21 Обработка и остранување на отпад;
2.4. 68.20 Издавање и управување со сопствен недвижен имот или недвижен имот земен под закуп(лизинг);
2.5. 81.29 Останати услуги на чистење, неспомнати на друго место;
2.6. 81.30 Услужни дејности за уредување и одржување на животната средина;
2.7. 93.11 Работа на спортските објекти;
2.8. 96.03 Погребни и слични дејности.

Член 5

Јавното претпријатие може да ја промени дејноста со:

- Проширување на дејноста,
- Воведување на нови дејности,
- Укинување на одделни дејности.

За промените од став 1 на овој член одлучува надлежниот орган во претпријатието.

**Фирма.**

Член 6

Полното име на претпријатието гласи:
Јавно комунално претпријатие Дебрца со седиште во Белчишта, а скратенката на претпријатието гласи: ЈКП Дебрца – Белчишта.

**Седиште.**

Член 7

Седиштето на Јавното претпријатие е во Белчишта.

**Печат, штембил, амблем.**

Член 8

Јавното претпријатие има свој печат, штембил и амблем. Печатот има форма на круг со пречник од 3см, со текст испишан на кирилица (печатни букви)со фирмата на претпријатието.

Член 9

Штембилот на јавното претпријатие има правоаголна форма со димензии 5,5х3см, на кој е испишана фирмата и седиштето на претпријатието и штембил со димензии 7,5х4см – приемен штембил.

Член 10

Начинот на употреба, ракувањето, чувањето и злоупотреба на печатот и штембилот е регулирано со посебен закон и акт на претпријатието.

## IV. ОРГАНИ НА УПРАВУВАЊЕ НА ПРЕТПРИЈАТИЕТО.

Член 11

Органи на Јавното претпријатие се:

- Управен одбор
- Одбор за контрола на материјално-финасиско работење и
- Директорот.

### 1.Управен одбор

Член 12

Управниот одбор на Јавното претпријатие се состои од 5 члена од кои:

- 3 члена се од вработените на претпријатието и
- 2 член делегиран од осивачот.

Член 13

Мандатот на членовите на Управниот одбор трае 4 години. Седниците на Управниот одбор ги свикува Претседателот на Управниот одбор, а во негово отсуство заменикот на претседателот. Работата на Управниот Одбор се уредува со Деловник.

Член 14

Членот на Управниот Одбор не може да има лично, преку трето лице или по било кој основ, интерес во претпријатието.

Секој член на Управниот Одбор, како и директорот се должни да го предупредат основачот за постоење на ваков интерес, од страна на еден или повеќе членови на Управниот Одбор.

Управниот Обор од редот на своите членови избира Претседател и заменик претседател.

За Претседател на Управниот Одбор, заменик или член неможе да биде именувано лице кое со правосилна одлука му е изречена казна затвор заради кражба, измама и останато предвидено со член 18, став 2 од ЗЈП.

Управниот Одбор на Јавното претпријатие има ингеренции (овластување) да презема мерки што се потребни и корисни за работата на Јавното претпријатие, во согласност со Законот.

Член 15

Управниот Одбор на Јавното претпријатие:

- Го донесува Статутот на Јавното претпријатие,
- Одлучува за статутни и други промени во согласност со Законот,
- Донесува Деловодник за работа на Управниот Одбор,
- Ја усвојува Програмата за работа и развој на Јавното претпријатие,
- Ја утврдува деловната политика,
- Ја усвојува годишната сметка и извештајот за работењето,

- Одлучува за употребата на средствата остварени со работењето на Јавното претпријатие и покривањето на загубите,
- Донесува одлука за инвестециони вложувања,
- Ги утврдува цените на производите и услугите,
- Одлучува за внатрешната организациона поставеност на Јавното претпријатие,
- Одлучува за отуѓување на основни средства,
- Го усвојува извештајот од работата на пописните комисии за извршен попис,
- Формира помошни органи и тела на претпријатието,
- Донесува програми, планови, одлуки и други акти од областа на Одбраната,
- Донесува Програма за утврдување на бројот на вработените на кои ќе им престане работниот однос поради еконмски, технолошки и структурални промени согласно потребата на претпријатието согласно Законот за работни односи,
- Одлучува во втор степен по приговори,
- Донесува други општи акти на ниво на претпријатие,
- Врши и други работи утврдени со актот на основање на овој Статут на претпријатието.

Член 16

Секој член на Управниот Одбор, при гласањето има 1 (еден) глас.
Одлуките на Управниот Одбор се сметаат за донесени ако за нив гласале повеќе од половина од сите членови на Управниот Одбор.

Член 17

Јавното претпријатие не може на Претседателот или на член на Управниот Одбор да им дава заеми или гаранции кои тие ги склучите со трети лица.
Превземените дејствија, спротивно на став 1 од овој член се ништовни и без правни дејствија.

**2.Одбор за контрола на материјално-финансиски работи**

Член 18

За вршење на контрола на материјално-финансиски работи на јавните претпријатија се формира одбор за контрола на материјално-финансиски работи составен од 5 членови.
Членовите на одборот за контрола на материјално-финансиски работи од став 1 на овој член, основачот со овој акт ги именува, односно разрешува.
За членови на Одборот за контрола, може да се именуваат лица со високо образование кои поседуваат знаење и искуство особено од областа на финансиското-сметководствено работење.
Членовите на Одборот за контрола можат да присуствуваат на седницата на Управниот одбор и им се доставува покана со сите материјали што им асе доставуваат на членовите на Управниот одбор.
Одборот за контрола задолжително ги прегледува годишните сметки и извештаите за работа на Јавното претпријатие и по прегледувањето дава свое мислење. Управниот одбор неможе да ги усвои годишната сметка и извештајот за работењето на Јавното претпријатие, ако претходно не добие позитивно мислење од Одборот за контрола.

### 3. Директор

Член 19

Со работата на Јавното претпријатие раководи Директорот кого го именуваат и разрешуваат основачите на Јавното претпријатие во постапка утврдена со Закон.

Директорот на Јавното комунално претпријатие Дебрца го именуваат основачите по предлог на Градоначалникот на општина Дебрца.

Член 20

Директорот се именува со мандат од 4 година.

Член 21

Директорот на Јавното претпријатие:

- Го претставува и застапува Јавното претпријатие,
- Го организира и непосредно раководи со работењето на Јавното претпријатие,
- Го обезбедува спорведувањето на одлуките и заклучоците на Управниот одбор,
- Учествува во спроведувањетп на основите за програмата за работа и развој,
- Предлага на Управниот одбор за именување на помошници директори,
- Именува раководители на сектори,
- Учествува во утврдувањето на критериумите за користење и располагање со средствата и употреба на средствата остварени со работењето на претпријатието,
- Врши услогласување на деловната политика и активност на претпријатието,
- Одобрува службено патување во земјата и во странство,
- Врши распоредување на работниците во зависност од потребите на претпријатието,
- Донесува одлуки за престанок на работниот однос на работниците,
- Ја организира работата и се грижи за реализација на програмата и плановите за одбрана,
- Врши други работи во врска со работењето на претпријатието, утврдени со закон, статут и општите акти на претпријатието.

Член 22

Функцијата Директор е неспоива со функцијата член на Советот и Градоначалникот на општината за јавните претпријатија, основани од општината.

Член 23

Директорот на ЈКП Дебрца – Белчишта, одговара за резултатите од работењето и законитоста во работењето, пред основачите и другите овластени органи.

Одговорноста на Директорот се утврдува со Закон, колективен договор и со овој Статут.

Член 24

Директорот како застапник, се овластен во рамките на дејноста на претпријатието да склучува договори и да потпишува одредени спогодби, како и да го застапува претпријатието пред судовите и другите органи.
Покрај Директорот, претпријатието пред надлежните судски органи го застапува и овластено лице на претпријатието по претходно дадено овластување –полномошно од страна на Директорот.
Полномошното се издава во писмена форма, а може да се однесува за поединечни правни работи или одредени груши правни работи.
Полномошникот го застапува претпријатието само во границите на полномошното.

## V. Совет на вработените

Член 25

Советот на вработените се избира од редот на вработените на предлог на Извршниот одбор на мнозинскиот синдикат со тајно гласање.
Советот брои 5 членови.
Мандатот на членовите е 4 години.

Член 26

Извршниот одбор на мнозинскиот синдикат на Јавното претпријатие со тајно гласање избира членови за Советот на вработените.

Член 27

Членовите на Совет неможат да бидат членови на органите на Јавното претпријатие.

Член 28

Советот на вработени предлага на Управниот одбор на претпријатието од редот на вработените. Правата и одговорностите на Советот ќе ги регулира со општ акт на Јавното претпријатие, а во согласност со Закон.

## 1.Помошни органи и тела – комисии

Член 29

За остварување на одредени права, обврски и одговорности на работниците во организационите единици на претпријатието и претпријатието во целина, се формираат помошни органи тела-комисии кои можат да бидат постојани и повремени.

Член 30

Во претпријатието се формираат следните комисии:

- За попис

- За утврдување на злоупотреба на правата од работен однос,
- И други комисии во согласност со потребите на претпријатието.

Член 31

Бројот на членовите на комисиите изнесува 3 члена, а нив ги избира Управниот одбор.
Комисиите од своите редови избираат претседател.
Комисиите ги свикува и со нив раководи претседателот.
Комисиите работат на седници и решаваат во прв степен.

**2.Стручен колегиум**

Член 32

Директорот на претпријатието како свое советодавно тело формира Стручен колегиум, кој претравува советодавен, стручен и оперативен орган.
Стручниот колегиум го свикува и со него раководи директорот на претпријатието.

## VI. Организациона поставеност на претпријатието.

Член 33

Организационата поставеност на претпријатието е организирана на ниво на сектори, одделенија, економски единици, служби, бригади (работни единици).
Организационата структура на вработените во претпријатието ќе се регулира со посебен акт – Правилник за организација и систематизација на вработените на ЈКП Дебрца – Белчишта.

## VII. Акти на јавното претпријатие

Член 34

Освен Статутот, во претпријатието, се донесуваат следните општи акти:

- Правилник за организација и систематизација,
- Колективен договор на ниво на работодавец,
- Правилник за ред и дисциплина на вработените,
- Правилник за ХТЗ,
- Правилник за деловна тајна,
- Правилник за ППЗ,
- Правилник за стимулирање на вработените (наградување - казнување),
- И други акти согласно Закон.

Член 35

Актите на претпријатието мора да бидат во согласност со Статутот на претпријатието.
Сите општи акти на претпријатието стапуваат на сила осмиот ден од денот на објавувањето.

**Имот на претпријатието.**

Член 36

Имотот на Јавното претпријатие го сочинуваат средствата, пари и права на Јавното претпријатие.

Член 37

Јавното претпријатие има програма за работа и развој на дејностите што ја донесува Управниот одбор на претпријатието.

Член 38

Средствата за работа и развој на комуналните дејнсоти се обезбедуваат од:

- Приходите од редовното работење,
- Приходи од основачот,
- Кредитни средства,
- Други извори на средства во согласност со Закон.

Од приходите на Јавното претпријатие се надминуваат вкупните трошоци од работењето на претпријатието.
Вишокот на приходите се распоредува во согласност со Закон.

**VIII. Јавност во работата**

Член 39

Преку средствата за јавно информирање и сопствените информативни средства, се известуваат работниците на Јавното претпријатие, основачот и корисниците на услугите и сите прашања од работењето на Јавното претпријатие.

Член 40

Управниот Одбор и директорот се одговорни за редовно, вистинско информирање на работниците за севкупното работење на претпријатието, за остварувањето и распределабата на добивката, за располагањето, користењето и здружувањето на средствата, како и за другите прашања од значење за работата на претпријатието во целина.
Работниците и едниците на локалната самоуправа, односно основачот, непосредно за работата на Јавното претпријатие се информираат преку членовите на Управниот Одбор.
Работниците се информираат преку огласна табла на претпријатието и другите средства за информирање.

**IX. Програма за развој на работењето на претпријатието.**

Член 41

Со цел зголемување на добивката и развој на претпријатието се донесува Програма за работа и развој на претпријатието.
Програмата за работа и развој ја донесува Управниот Одбор на предлог на директорот, кој воедно е и одговорен за негова реализација.

## X. Одбрана

Член 42

Јавното комунално претпријатие организира и создава услови за остварување на одбраната и цивилната заштита во согланост со закон.

Јавното комунално претпријатие донесува Програми од областа на одбраната и цивилната заштита.

Член 43

Услугите што претпријатието ќе ги врши за потребите на Армијата на РМ, Цивилната заштита и органите на државната власт, се уредуваат со договор.

## XI. Заштита на унапредување на животната средина.

Член 44

Со цел заштита и унапредување на животната средина, Управниот одбор на претпријатието донесува програма и превзема мерки за обезбедување средства за таа намена, а по потреба формира органи и задолжува поединци, кои ќе се грижат за спроведување на програмата, одлуките и мерките.

## XII. Синдикат.

Услови за работа на Синдикатот.

Член 45

Јавното комунално претпријатие обезбедува услови за активноста на Синдикатот во врска со заштита на правата на работниците од работниот однос, утврдени со Закон и Колективен договор.

Активноста на Синдикатот во согласност со став 1 од овој член, не може да се спречи со акт на Јавното претпријатие.

Член 46

Членовите на Извршниот одбор на Синдикатот се избираат со тајно гласање од сите членови на Синдикатот.

Член 47

На барање на Синдикатот, Јавното комунално претпријатие донесува податоци и информации за оние прашања што имаат најнепосредно влијание на материјалната и социјалната положба на синдикатот (работниците) и ги разгледува мислењата и предлозите на синдикатот во постапката на донесување на одлуки и решенија што имаат битно влијание на материјалната и социјалната положба, односно во осварувањето на правата на работниците.

На синдикалниот претставник му се овозможува напречено комуницирање со Јавното претпријатие или овластено лице, кога тоа е неопходно за остварување на функциите на Синдикатот.

Член 48

Јавното комунално претпријатие обезбедува стручни, административни и технички услови за работа на Синдикатот за остварување функции, како и услови за наплата на членарината во договор со надлежните органи на јавното претпријатие.

Член 49

Претставникот на синдикалната организација има посебна заштита и неможе да биде повикан на одговорност, ниту доведен во неповолна положба, вклучувајќи го и престанокот на неговиот работен однос, поради членство во Синдикатот или учество во синдикалните активности со кои се штитат правата и интересите на работниците, ако постапува во согласнсот со Закон и Колективен договор.

Посебна заштита на претставникот на Синдикатот трае за време на неговиот мандат.

Член 50

Претставникот на синдикалната организација, поради синдикални активности со кои се штитат правата и интересите на работниците неможе:

- Да биде распореден на друго работно место кај ист или друг работодавец,
- Да биде утврден како технолошки вишок и распореден по тој однос,
- Против него да се покрене постапка, односно да му престане работниот однос со отказ.

Член 51

Член на Синдикатот кој е избран, односно именуван во органите на синдикатот, чие вршење бара привремено да престане од работа кај Јавното претпријатие, има право по престанувањето на функцијата што ја вршел да ја врати во Јавното комунално претпријатие на работи и работно место кое одговара на неговата стручна подготовка, за што се склучува посебен договор со Јавното претпријатие.

## XIII. Штрајк

Член 52

Работниците правото на штрајк го остваруваат во согласнот со Закон и Колективен договор на ниво на Јавно претпријатие.

## XIV. Деловна тајна

Член 53

Во интерес да се зачува безбедноста и успешното работење на претпријатието, поедини податоци од работењето и односите во Јавното претпријатие претставуваат деловна тајна и можат да се соопштат на трети лица на начин пропишан со Закон и посебен акт.

- Планови за физичко и техничко обезбедување на објектите,
- Планови и податоци од областа на одбраната,
- Планови за ПП заштита,
- Катастар за подземан инфраструктура,
- И други акти кои ќе бидат утврдени како деловна тајна.

Член 55

Со овие документи располага директорот и други лица што ќе ги овласти директорот.

**XV. Преодни и завршни одредби**

Член 56

Управниот одбор на Јавното претпријатие го донесува овој пречистен текст од Статутот на ден 24.07.2020 година.

Член 57

Статутот се донесува со двотретинско мнозинство од членовите на Управниот Одбор.

Член 58

Сите акти на Јавното претпријатие ќе се усогласат со овој Статут во рок од 90 дена, од стапување во сила на овој Статут.

Член 59

Измените и дополнувањата на овој Статут, ќе ги врши Управниот Одбор на начин и постапка како и при неговото донесување.
Толкувањето на одребните на овој Статут ќе ги дава Управниот Одбор.

Член 60

Овој Статут стапува во сила и ќе се применува осмиот ден од добивањето на согласноста од основачот.

Претседател на Управен Одбор
на ЈП за комунална дејност Дебрца

Катерина Чалдрмоска